ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на Програмата (Р1) - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА на Општина Битола за 2021 година донесена со Одлука на Совет на Општина Битола бр. 09-161/8 од 25.12.2020 година Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за надоместок на дел од трошоците за купување на велосипед за граѓаните на подрачјето на Општина Битола за 2021 година

1. Опис на Јавниот повик

1.1 Општина Битола со цел да ги стимулира граѓаните за користење на превозни средства кои не го загадуваат воздухот ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства за велосипеди купени од денот на објавување на овој повик во дневен весник.

1.2 Вкупниот буџет кој е планиран за овој јавен повик врз основа на Програмата за заштита на животната средина е во висина од 700 000, 00 денари. Средствата што ќе ги надоместува Општина Битола се во висина од 50% од цената на велосипедот, но не повеќе од 5000,00 (пет илјади) денари

1.3 Јавниот повик е објавен на веб страната на Општина Битола и печатени медиуми

1.4 Услов за учество во јавниот повик е купувачот да нема искористено субвенција за истата намена од Буџетот на Општина Битола

2. Начин на пријавување на јавниот повик

2.1 Право на учество на овој Јавен повик имаат жителите на Општина Битола кои ќе купат велосипед во периодот од денот на објавување на Јавниот повик во дневен весник до крајниот рок за аплицирање и ќе поднесат Барање за искористување на правото за надоместок, на образец кој може да се подигне на шалтери во општината или да се превземе од веб страната www.bitola.gov.mk

2.2 За надоместок на дел од трошоците и докажување дека условите за учество се исполнети барателот до Општина Битола ги доставува следните документи:

- Пополнет образец за Барање кој содржи и Изјава дека барателот нема искористено право на поврат на средства за купување на велосипед на друг јавен повик од Буџетот на Општина Битола. Барањето може да се подигне на шалтери во општината или да се превземе од веб страната www.bitola.gov.mk
- Доказ за жителство во Општина Битола со доставување на фотокопија од важечка лична карта на барателот
- Копија од трансакциона сметка на име на барателот
- Доказ во оригинал дека е извршено купувањето на велосипедот - фискална сметка или фактура со извод од деловна банка од денот на објавување на повикот во дневен весник до крајниот рок за аплицирање

2.3 Доколку има две или повеќе барања од лица кои живеат на иста адреса на живеење добитник на субвенција може да биде само едно лице од истата адреса на живеење, и тоа лицето од таа адреса на живеење кое прво аплицирало

2.4 Барањата за искористување на правото за надоместок на дел од трошоците заедно со комплетната потребна документација се доставуваат лично на шалтерите на општината секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот почнувајќи од **16.06.2021 година до 25.06.2021 година**

3. Начин на спроведување на Јавниот повик

3.1 Постапката по Јавниот повик ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Битола, која што ќе состави листа на доделени средства за купување на велосипеди и истата ќе ја предложи до Градоначалникот за исплата

3.2 За доделените средства јавноста ќе биде известена преку официјалната веб страна на Општина Битола

3.3 Бројот на добитници - лица кои ќе добијат средства е ограничен до висина на предвидениот износ на Буџетот на Општина Битола, а распределбата на средствата ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен"

4.Начин на остварување на право на надоместок

4.1 Градоначалникот на Општина Битола ќе донесе решение за исплата на 50% од цената на велосипедот, но не повеќе од 5000,00 (пет илјади) денари доколку се утврди дека условите од овој Јавен повик се исполнети.

Број 08-464/1
Дата 16.06.2021година
Битола

Градоначалник

-----------------------------

м-р Наташа Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА